дејности СТРУМИЦА-ГАС
Бр. 04-135/2
05.03. 20 26 год.
Струмица

Врз основа на член 37-е и член 37-и од Законот за јавните претпријатија („Службен весник на Република Македонија" бр. 38/96, 9/97, 6/02, 40/03, 49/06, 22/07, 83/09, 97/10, 6/12, 119/13, 41/14, 138/14, 25/15, 61/15, 39/16, 64/18 и 35/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 275/19, 89/22,274/22,208/24 и 193/25), а во врска со член 20-г и член 21 став 2 од Законот за вработените во јавниот сектор („Службен весник на Република Македонија„ бр. 27/14, 199/14, 27/16, 35/2018 и 198/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 143/19, 14/20 и 208/24) и Одлука за вработување на неопределено време во ЈПЕД „ Струмица-Гас" Струмица со бр. 04-135/1 од 05.03.2026 година, Директорот на ЈПЕД „ Струмица-Гас" Струмица, објавува

ЈАВЕН ОГЛАС БРОЈ 01/2026

за вработување на неопределено време на 1 (едно) помошно техничко лице од Група IV, подгрупа V во ЈПЕД „ Струмица-Гас" Струмица за следното работно место:

1. .КДР 04 05 А01 002 Магационер , Одделение за дистрибуција и снабдување, 1 извршител.

Општи услови:

-да е државјани на Република Северна Македонија,

-активно да го користат македонскиот јазик,

-да е полнолетен,

-да има општа здравствена способност за работното место и

-со правосилна судска одлука да не му е изречена казна забрана за вршење на професија, дејност или должност.

Посебни услови:

- најмалку ниво на квалификации IV, 240 кредити според ЕЦВЕТ или МКСОО или четири годишно средно образование и

- со или без работно искуство.

Распоред на работно време:

Работни денови понеделник-петок

Работни часови неделно- 40

Работно време е само прва смена

Паричен нето износ на плата:26.800,оо денари

Условите наведени во огласот, кандидатите треба да ги исполнуваат во моментот на пријавувањето во хартиена форма.Рокот за пријавување изнесува 15 денови, сметано од денот на објавување на огласот. Кандидатите се должни пријавата да ја пополнат во целост, прецизно и со точни податоци, пријавата можат да ја подигнат од архивата на претпријатието. Пополнетите пријави заедно со прилозите, кандидатите може да ги достават лично во архивата на ЈПЕД „ Струмица-Гас" Струмица или по пошта на адреса: ЈПЕД „ Струмица-Гас" Струмица, ул. 24 Октомври бр.2 Струмица, 3ти спрат.

Постапката за селекција на пријавените кандидати се состои од проверка на внесените податоци во пријавата за вработување со условите утврдени во јавниот оглас, проверка на приложените докази во пријавата и интервју. Пријавените кандидати на јавниот оглас, ќе бидат известени за времето и местото на одржување на интервјуто.

Кандидатите кон пријавата треба да приложат:

-Кратка биографија, уверение за државјанство, доказ за завршено образование, доказ за работно искуство(доколку имаат), фотокопија од документ за идентификација, доказ за општа здравствена способност за работното место и доказ дека не му е изречена казна забрана за вршење на професија, дејност или должност.

Ненавремената, нецелосната и неуредно пополнета пријава, нема да биде предмет на разгледување од страна на Комисијата за спроведување на постапка за вработување.

ЈПЕД ,,Струмица-Гас"Струмица
В.Д Директор
Томчо Стојчев